РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
1 Бр. 04-8129/3
25-12- 2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати (бр.10-2572/7 од 24.12.2025 година), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување (бр.1054/2025 од 25.11.2025 година), Секретарот на Општина Струмица донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на државен службеник во општинската администрација на Општина Струмица

**I.** За работното место објавено во јавниот оглас за вработување на државен службеник во Општина Струмица, Советник за правни работи, Одделение за административна поддршка на Градоначалникот, Сектор за поддршка на Градоначалникот, со шифра УПР 0101В01000 се избира кандидатот **со идентификациски код В8233Е1, Томе Марангозов.**

**II.** За наведеното работно место предвидени се средства во Буџетот на Општина Струмица за 2026 година во ставка 401, подставка 401120.

**III.** Оваа одлука стапува на сила 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.11.2025 година во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“, и „Коха“ беше објавен јавен оглас за вработување на државни службеници во општинската администрација на Општина Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас со Записник бр. 10-2572/4 од 10.12.2025 година изврши административна селекција по оглас бр.1054/2025 и констатира дека за огласеното работно место уредно се пријавил 1 (еден) кандидат.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 22.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-2572/5 од 22.12.2025 година) и за наведеното работно место на испит се појави и испитот го полагаше 1 (еден) кандидат и истиот го положи и продолжи во наредната фаза на селекција.

На ден 24.12.2025 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник со единствениот кандидат кој достави документи за проверка на веродостојност на докази, (Записник бр. 10-2572/6 од 24.12.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.1054/2025 со број 10-2572/7 од 24.12.2025 година и истата беше доставена до Општина Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Секретар
на Општина Струмица
Александар Оџаков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА СТРУМИЦА · 1

Изработил Никица Буралиева/СУЧРО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
1 Бр. 04-8129/10
25-12-2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати (бр.10-2572/7 од 24.12.2025 година), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување (бр.1054/2025 од 25.11.2025 година), Секретарот на Општина Струмица донесе:

**О Д Л У К А**

за невршење на избор на кандидат

**I.** За работното место објавено во јавниот оглас за вработување на државни службеници во Општина Струмица, Самостоен референт - Економ, Одделение за правни и општи работи, Сектор за правни и општи работи со шифра УПР 0101Г01000 **не се врши избор на кандидат**.

**II.** Оваа одлука стапува на сила 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 25.11.2025 година во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“ беше објавен јавен оглас за вработување на државни службеници во општинската администрација на Општина Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас со Записник бр. 10-2572/4 од 10.12.2025 година изврши административна селекција по оглас бр. 1054/2025 и констатира дека за огласеното работно место уредно се пријавиле 2 (двајца) кандидати.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 22.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-2572/5 од 22.12.2025 година) и за наведеното работно место на испит се појави и испитот го полагаа 2 (двајца) кандидати од кои 1 (еден) од кандидатите го положи испитот, а 1 (еден) од кандидатите не го положи испитот со што во наредната фаза на селекција продолжи 1 (еден) кандидат.

На ден 24.12.2025 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник, но единствениот кандидат кој го имаше положено испитот не се појави на истото за што е составен Записник бр. 10-2572/6 од 24.12.2025 година.

Врз основа на конечната ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.1054/2025, за наведеното работно место се констатира дека нема кандидат кој се квалификува за вработување, при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Секретар
на Општина Струмица
Александар Општаков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
1

Изработил Никица Буралева/СУЧРО